# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.163 од 26.11.2013 година**

**Член 1**

Во Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 79/2007, 124/10 и 47/11), во членот 52 став (3) зборовите: "Комисијата за одлучување по жалба во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, формирана согласно со Законот за животната средина" се заменуваат со зборовите: "Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен".

Во ставот (4) зборовите: "Комисијата за одлучување по жалба на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје формирана од страна на градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје, согласно со Законот за животната средина" се заменуваат со зборовите: "Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен".

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија ", а ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.